Здружение на професионалци консултанти
ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ЕВРОПА 2020
Бр. 02-50
22.06. 2020 год
Скопје

Заради доспевање на основните стратешки документи, и донесување на нови стратешки определби на здружението, Собранието на Здружение на професионалци консултанти Подготвеност за Европа на седницата одржана на ден 22.05.2020 година, го донесе новиот

Пречистен текст на

# СТАТУТ

на

**Здружение на професионалци консултанти Подготвеност за Европа**

***Предмет***

**Член 1**

1.1 Со овој Статут се уредуваат целите, задачите, облиците и начинот на дејствување на Здружението на професионалци консултанти Подготвеност за Европа, внатрешната организација, како и други прашања од значење за понатамошното работење на Здружението.

***Цел***

**Член 2**

2.1. Здружението Подготвеност за Европа се основа со цел поддршка и јакнење на капацитетите на организациите во Македонија за остварување на целите за одржлив развој, и меѓународна соработка, притоа почитувајќи ги основните европски вредности и принципи.

Во контекст на основната цел, Здружението ќе се залага и за:

- Зголемување на свеста на македонското општество за значењето на целите за одржлив развој и продуктивно учество за остварување на истите;
- Застапување на интересите на македонските организации во национални и европски институции поврзано со приоритетите на Стратегијата на Европска Унија, преточена во следниве стратешки приоритети:
  - ***Промовирање на нашиот европски начин на живот*** (Promoting our European way of life) – градење на Унија на еднаквост во која сите ние имаме ист пристап до можностите
  - ***Европа подготвена за дигиталното доба*** (A Europe fit for the digital age) – зајакнување на луѓето со нова генерација на технологии
  - ***Економија во полза на луѓето*** (An economy that works for people) - работа за социјална праведност и просперитет
  - ***Европски "зелен договор"*** (A European green deal) - настојување да бидеме првиот континент кој ќе се справи со климатските промени
  - ***Нов поттик за европска демократија*** (New push for European democracy) - негување, заштита и зајакнување на нашата демократија
  - ***Посилна Европа во светот*** (A stronger Europe in the world) - зајакнување на Европскиот единствен бренд на одговорно глобално лидерство

2.2 Здружението своите цели и задачи ги остварува врз основа на стручност, непристрасност, независност, доброволност и солидарност, како основни принципи во делувањето.

2.3 Остварувањето на целите и задачите, како и остварувањето на богатите содржини во програмските активности и дејствувањето на Здружението ќе се спроведува преку учество на разни национални и интернационални проекти, учество и организација на работилници, семинари, истражувачки активности, трансфер на знаења и т.н.
При тоа Здружението ќе работи на остварување на контакти со меѓународни организации и фондации за обезбедување на материјални и финансиски средства за реализација на планираните активности.

2.4. Програмската ориентација за дејствувањето на Здружението, преточено во Портфолио на Здружението се зацртува за период од 4 години, а истата ќе се операционализира во приоритети и годишни програми за секој од приоритетите. Дефинирањето на приоритети и подготовката на годишните програми ќе биде на почетокот на секоја календарска година и ќе се изгласуваат по електронски пат на иницијација на Претседателот на Здружението.

***Правен статус***

**Член 3**

3.1. Здружението Подготвеност за Европа е самостојно и независно правно лице.

3.2. Својството на правно лице се стекнува со денот на уписот во регистарот на здруженија при Централен Регистар на Република Македонија.

**Член 4**

4.1. Подготвеност за Европа е непрофитно, невладино и непартиско Здружение.

4.2. Доколку Здружението оствари добивка преку своето работење, таа добивка не може да биде предмет на распределба помеѓу членките, туку исклучиво за поддржување и остварување на задачите и целите заради кои е основано Здружението, освен во случај на престанок на здружението, кога добивката и сето она што како ствари го стекнало здружението, се пренесува на основачите.

***Име, лого и печат***

**Член 5**

5.1. Полното име на Здружението е:
Здружение на професионалци консултанти Подготвеност за Европа
Association of professional consultants Readiness for Europe
Скратено име е:
Подготвеност за Европа
Readiness for Europe

5.2. Здружението Подготвеност за Европа има заштитен знак со кириличен фонт, бројки и ѕвезди во две бои.

5.3. Печатот на Здружението е во правоаголна форма во која е испишан полниот назив: "Здружение на професионалци консултанти Подготвеност за Европа", и е поставен заштитниот знак на Здружението.

***Седиште***

**Член 6**

6.1. Седиштето на Здружението е на бул .Св. Климент Охридски 24/ 2-1, Скопје

***Членување***

**Член 7**

7.1. Здружението Подготвеност за Европа е отворено за членство за сите заинтересирани физички лица кои имаат искуство и се посветени на промовирање на европските вредности и принципи, и чии активности и организациски вредности се во согласност целите и работата на Здружението.

7.2. Членките на Здружението Подготвеност за Европа можат истовремено да членуваат во повеќе здруженија и комори.

7.3. Критериумите за прием во членство се одредуваат со посебен Правилник за прием во членство и членарини во Здружението кој го донесува Собранието на Здружението.

7.4. Собранието на здружението може да прима почесни членки, чиј прием подетално ќе биде регулиран со Правилникот за прием на членство и членарина.

7.5. Одлуката за прием на нов член ја донесува Претседателот на Собранието на Здружението Подготвеност за Европа по поднесеното барање за членство, а членството се верификува на редовното / вонредното годишно Собрание на Здружението Подготвеност за Европа.

7.6. По позитивниот исход од одлучувањето, новиот член врши уплата на годишната членарина и во тој миг се стекнува со право на глас како и останатите членови во Здружението. На следната редовна / вонредна собраниска седница, на која ќе биде повикан и новиот член, ќе биде верификуван неговиот прием.

7.7. Секој член на Здружението Подготвеност за Европа може да биде исклучен од членство доколку со своето постапување во Здружението или вон Здружението нанесува директна или индиректна штета, штета на угледот на здружението Подготвеност за Европа во земјата и во странство, и неговите цели на постоење и работење.

7.8. Членот може да биде исклучен од членство од причини предвидени со Закон, Статут, на основа на препорака на Претседателот, а по одлука на Собранието на Здружението Подготвеност за Европа.

7.9. Член на Здружението Подготвеност за Европа може да истапи од членство, но под услов да ги исполни обврските кон Здружението Подготвеност за Европа.

*Членарина*

**Член 8**

8.1. Одлука за членарина донесува Собранието преку посебен Правилник за прием во членство и членарина.

*Одговорност*

**Член 9**

9.1. За своите обврски Здружението Подготвеност за Европа одговара со сиот свој имот и средства.

*Соработка и здружување*

**Член 10**

10.1. Здружението може да соработува со здруженија и стопански комори од државата и странство, меѓународни и домашни органи, организации и поединци.

10.2. Здружението Подготвеност за Европа, заради целите од член 2, може да стапи во сојуз или друг облик на поврзување и здружување со други здруженија и комори, како национални така и меѓународни.

10.3. За работите од став 1 и 2 од овој член одлучува Собранието со просто мнозинство.

*Јавност во работата*

**Член 11**

11.1. Работата на Здружението е јавна.

11.2. Транспарентноста на работењето се обезбедува преку објавување на сите релевантни документи и информации на интернет страната на Здружението, а по потреба и на други достапни и легални средства за јавно комуницирање.

*Органи и тела*

**Член 12**

12.1. Органи на Здружението се:

- Собрание,
- Претседател на Здружението
- Генерален Секретар
- Извршна канцеларија

12.2. По потреба Здружението може да формира проектни тимови со цел реализација на одредени активности. Надлежностите и мандатот на работните групи се дефинираат со одлука на Собрание.

*Собрание*

**Член 13**

13.1. Собранието на Здружението е највисок орган и него го сочинуваат сите членови.

13.2. Членовите на Здружението Подготвеност за Европа за заедничките работи одлучуваат на Собрание.

13.3. Седниците на Собранието ќе се одвиваат по пат на електронска комуникација, а донесувањето на одлуките ќе се одвива преку електронско гласање користејќи дигитални алатки.

13.4. Собранието се состанува најмалку еднаш годишно на редовна седница или повеќе пати во текот на годината како вонредна седница на Собрание, користејќи дигитални алатки.

13.5. По исклучок, доколку во периодот на одржување на редовна и/ или вонредна седница на Собранието сите членови на Здружението се физички достапни, тогаш седницата на Собранието нема да се одржи преку електронска комуникација.

13.6. Собранието задолжително се состанува на барање на најмалку 20% од бројот на членовите на Здружението Подготвеност за Европа.

13.7. Начинот на свикување, работа, одлучување и евидентирање на одлуките на собранието ќе се определи со Правилник за работа на Собранието на Здружението.

13.8. Сите одлуки Собранието на Здружението Подготвеност за Европа ги донесува со обично мнозинство, освен одлуката за престанок на работа на Здружението, која се донесува со двотретинско мнозинство од членството.

13.9. Работен кворум на Собранието е половина плус еден член од вкупниот број на членови на Здружението , освен за донесување одлука за престанок на работа на Здружението Подготвеност за Европа за која е потребен работен кворум од двотретинско мнозинство од членството .

13.10. Секој член на Здружението Подготвеност за Европа во Собранието е претставен само со еден глас.

13.11.Сите одлуки Собранието ги донесува преку електронска комуникација, користејќи дигитални алатки.

**Член 14**

14.1. Собранието на Здружението Подготвеност за Европа е овластено да ги донесува сите одлуки и останатите интерни акти.

14.2. Собранието може да реши, наместо со одделни правилници, оперативните принципи, принципите на однесување на членките да бидат пропишани во збирни правилници со законски одредби.

14.3. Собранието на актите од ставот 14.2 им признава статутарна сила и задолжителност на решенијата предвидени во истите.

**Член 15**

15.1. Собранието одлучува исклучиво и само за прашања определени со Законот за здруженија и фондации, и овој Статут.

15.2. Собранието донесува статут, програма за работа и други акти.

15.3. Собранието усвојува годишен извештај за работа и финансиски извештај кој ги објавува на својата веб страна.

15.4. Собранието доставува финансиски извештај до надлежниот орган на државната управа, односно до органот на општините, општините на Градот Скопје и градот Скопје, во случаите кога се користат средства од Буџетот на Р. Македонија, односно од Буџетите на единиците на локалната самоуправа.

15.5. Собранието одлучува за промена на целта на Здружението.

15.6. Собранието одлучува за статусните измени на Здружението.

15.7. Собранието одлучува за внатрешната организациона поставеност (конституирање, престанок и промена на органите во рамките на Здружението).

15.8. Собранието избира и разрешува членови на органите на Здружението, освен за органите кои согласно Статутот се предвидени други постапки за избор.

15.9. Собранието одлучува за престанок на работа на Здружението со двотретинско мнозинство од сите членови на Здружението.

15.10. Собранието врши и други работи во согласност со статутот и актите на Здружението.

***Претседател - Застапник на Здружението Подготвеност за Европа***

**Член 16**

16.1. Со работата на Собранието на Подготвеност за Европа раководи и претседава Претседател на Здружението со мандат од 4 години, избран со просто мнозинство од страна на членовите на редовното годишно собрание, со право на реизбор.

16.2. Претседателот кој воедно е и застапник на Здружението го претставува Здружението во земјата и странство и ги потпишува донесените одлуки на Собранието.

16.3. Претседателот донесува одлука за прием во членство по барање и дава препорака за исклучување од членство.

16.4. Претседателот на Здружението го застапува и претставува Здружението, раководи со работата на Собранието на Здружението во насока на реализација на одлуките и заклучоците и го претставува Здружението пред трети лица адекватно на нивото на конкретната комуникација.

16.5. Претседателот на Здружението е одговорен за законитоста на работењето на Здружението и има соодветни овластувања засновани на Закон и овој Статут, а кои не се од извршен карактер во преземање на обврски.

16.6. Сите договори се подготвуваат и потпишуваат од Претседателот.

16.7. Претседателот врши и други работи во согласност со Статутот и актите на Здружението

***Генерален секретар на Здружението***

**Член 17**

17.1. За потребите на Здружението се именува Генерален секретар на Здружението. Генералниот секретар се избира со просто мнозинство од страна на членовите на редовното годишно собрание. Мандатот на Генералниот Секретар е со времетраење од 4 години, со право на реизбор.

17.2. Генералниот Секретар ги подготвува седниците на Собранието, припрема материјали за седници на Собранието.

17.3. На седницата на Собранието на Здружението Подготвеност за Европа, Генералниот секретар е во функција на верификационо тело.

17.4. Генералниот Секретар го подготвува нацрт статутот, предлага измени и дополнување на статутот и ги подготвува другите одлуки што треба да ги донесе Собранието.

17.5. Генералниот Секретар ги спроведува одлуките и заклучоците донесени на Собранието.

17.6. Генералниот Секретар е одговорен за реализација на договорени соработки и спроведување на проектни активности.

17.7. Го претставува Здружението на јавни настани, манифестации, мрежи.

17.8. Генералниот Секретар врши и други работи во согласност со Статутот и актите на Здружението.

***Извршна канцеларија***

**Член 18**

18.1. За вршење на стручните, административно – техничките, помошните и другите работи за потребите на Здружението може да се формира извршна канцеларија или да се користат услуги на надворешни лица на основа на законски допуштени договори.

18.2. Извршната канцеларија се формира како поддршка на оперативните активности на Претседателот и Генералниот Секретар.

18.3. Извршната канцеларија ги следи сите приливи и одливи на средства од банкарските сметки Здружението и истите ги евидентира во извештаите на соодветните проекти во зависност од тоа за кој проект се однесува трошокот. При секоја настаната промена го известува Претседателот и ангажираниот/та сметководител/ка.

18.4. Извршната канцеларија води евиденција на договорите како и за сите останати документи од финансиска природа.

18.5. Извршната канцеларија е одговорна за документирање на пристигнатите документи, испраќање пошта и печатење.

18.6. Извршната канцеларија врши и други работи во согласност со Статутот и актите на Здружението.

***Финансирање***

**Член 19**

19.1. Здружението Подготвеност за Европа стекнува и прибира финансиски средства преку:

- Наплата од извршени економски активности
- Приходи од членарини, подароци и други извори
- Донации и
- Други легални извори на финансирање.

19.2. Здружението самостојно ја утврдува основицата за пресметка, висината и начинот на плаќање на членарината и другите придонеси.

**Член 20**

20.1. Здружението Подготвеност за Европа преку интерни акти ги регулира начините на прибирање, трошење и распределба на средствата, кои ги усвојува Собранието.

***Престанок со работата***

**Член 21**

21.1. Здружението може да престане со својата работа и постоење само под услови одредени со Закон.

**Член 22**

22.1. Измената и дополнувањата на овој Статут ги врши Собранието со просто мнозинство од бројот на присутните.

**Член 23**

23.1. Основните начела на работење и организирање на Здружението Подготвеност за Европа произлегуваат од Законот за здруженија и фондации и во таа смисла ќе се толкуваат сите термини и правни ситуации во рамки на работењето на Здружението Подготвеност за Европа.

**Член 24**

24.1. Овој Статут влегува во сила со денот на усвојувањето од страна на Собранието.

Жармена Божиновска

Претседател на Здружението

22 Мај 2020, Скопје

Здружение на професионални консултанти ПОДГОТВЕНОСТ ЗА ЕВРОПА 2020 СКОПЈЕ